# Пикасо за Скопје

Париз, 29 април

Еден од најголемите живи сликари Пабло Пикасо на Музејот за современа уметност во Скопје му подари една своја слика — платното „Глава на жена“ која сликарот ја изработил од 1963 година.

Сликата што Пикасо му ја подари на скопскиот музеј има голема уметничка вредност. Таа е работена во познатиот стил на големиот шпански уметник и секако ќе претставува огромен придонес на скопскиот музеј. Вредноста на сликата е проценета на 120.000 нови франци (околу 25.000 долари).

Освен Пикасо свои дела на скопскиот музеј му подарија и други француски уметници како и странски уметници кои живеат во Париз, меѓу кои Жан Базен, Анре Масон, Едвар Пењон, Ив Алике, Ан Еве, Зоран Мушиќ, Франсоа Стољ, Етјен Ажди, Виктор де Вазерели, Зора Штат, Ѓата Михајловиќ и други. Интересирањето на француските уметници за оваа акција и натаму е големо

Н. М. 30.IV.65